Република Северна Македонија
**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup
Бр. / Nr. 03-277/2
25-03-2025 20 год. / viti

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

## РЕШЕНИЕ
### за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], бр. 03-277/1 од 07.03.2025 година.

### Образложение

На 07.03.2025 година, [redacted] до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-277/1 од 07.03.2025 година, со коешто таа во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставенаследната информација:

1) Да ми се достават сите списи (Решенија, Одлуки, Записници од седници на Инспекциски совет) донесени од Инспекцискиот совет во врска со предмет УПП 16-97/24. Овој предмет се однесува на претставка поднесена од МАНУ/полномошник на МАНУ против инспектор за труд/Државен инспекторат за труд кој го донел **Решението заведено под бр. ИП1 бр.0907-97 од 27.02.2024 година.** Со ова Решение Државниот инспекторат за труд се наложува на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) да го одложи Решението за откажување на договорот за вработување кој го имав склучено со МАНУ. Решението од државниот инспекторат за труд е потврдено од Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, и тоа Решение за одбивање на жалбатата на МАНУ, заведено под број ИП2 број 09-25 од 06.06.2024 година. Согласно со член 262 и 263 од Законот за работни односи и согласно со член 19 став 3 од Законот за инспекција на труд, не е дозволен управен спор против Решението од Државниот инспекторат за труд. Да нагласам дека во МАНУ почнав да работам на 9.11.2023 година, како Раководител на правен сектор, со договор за вработување на неопределено време. Уште од прв ден беше побарано од мене да потпишувам сметководствена документација и покрај тоа што ниту јас ниту во Секторот со кој јас раководев имаше лице кои ги исполнуваше условите (сертификат за положен испит за работа со јавни набавки) од член 80 од Законот за јавните набавки, а ниту се водеше евиденција за степен на расположливи средства по основ на секој договор за јавни набавки, а едно исто лице (Ратко Зарлинов) истовремено беше и внатрешен ревизор и сертифицирано лице за работа со јавните набавки (информации јавно достапни од веб страната на МАНУ и Бирото за јавни набавки). **Не знам, дали во**

**такви околности, било кој свесен и совесен човек би потпишал сметководствена документација за исплата на фактури!?** И покрај тоа, сепак ако се види во порталот „Отворени финансии", МАНУ цело време правеле исплати во период од 9до 23 ноември 2023 година (околу 40 исплати во вредност од околу 3 милиони денари), па очигледно мој потпис не им ни бил потребен за исплати. По само после 2 календарски недели (24.11.2023) од моето вработување во МАНУ, МАНУ донеле Решение за откажување на мојот договор за вработување, и тоа без водење на дисциплинска постапка ( предвидена со Правилник за работни односи на МАНУ; Општ колективен договор за јавен сектор, и други акти), и тоа е донесено на првиот ден од моето боледување. Во Решението за отказ, како причини се наведени непотпишувањето на сметководствената документација и отсуствата ( а тие отсуства се поврзани со медициснки прегледи кај пулмолог и алерголог, закажани преку МОЈ Термин и за истите имам документација). Решението за отказ ми било пратено по пошта 12 дена по неговото донесување (07.12.2023) и истото го добив на 09.12.2023 (т.е после истекот на 2 недели од отказниот рок од 1 месец!). Во рок од 8 дена од добивањето на решението доставив Приговор до МАНУ, па после тоа уште 8 дена морав да чекам на евентуален одговор од МАНУ ( бидејќи ако ја поднесев тужбата пред истекот на тој рок, истата ќе беше преуранета и отфрлена), па после тоа во рок од 15 дена од протек на рокот за достава на одговор за Приговорот доставив тужба за поништување на Решението за отказ. Во рок од 30 дена од доставата на тужбата, согласно со член 262 и 263 од Законот за работни односи доставив барање до Државниот инспекторат за труд за одложување на решението за отказ, врз основа на кое барање е спроведен инспекциски надзор и се донесе Решението заведено под бр. ИП1 бр.0907-97 од 27.02.2024 година (во врска со кое МАНУ има доставено претставка до Инспекциски совет и за истата барам да ми се достават сите списи и го доставувам ова Барање за пристап до информации од јавен карактрер.)

2) Замолувам за информација **дали и кои постапки се водат и се воделе во врска со инспекциски надзори (постапки) спроведени во МАНУ, без разлика на тоа кој е иницијатор за постапките.**

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведените предмети, во однос на **Точка 1) Да ми се достават сите списи (Решенија, Одлуки, Записници од седници на Инспекциски совет) донесени од Инспекцискиот совет во врска со предмет УПП 16-97/24**, во прилог Ви доставуваме:

- Барање на дополнителни податоци, УПП 16-97/2024 од 17.05.2024 година, Барање на податоци за постапување, УПП 16-97/2024 од 27.03.2024 година;
- Одговор на претставка, УПП 16-97/2024 од 13.06.2024 година;

- Доставување на податоци за постапување по предмет бр.0907-79 од 20.02.2024 година, наш број УПП 16-97/2024 од 12.04.2024 година (Прилози: известување од инспектор Неврие Хоти, записници, решенија, копии од акти по предметот);
- Барање на дополнителни податоци, УПП 16-97/2024 од 17.05.2024 година;
- Доставување на дополнителни податоци, УПП 16-97/2024 од 30.05.2024 година (Прилози: Известување за одбивање да се потпишат записниците за извршен вонреден инспекциски надзор во МАНУ ИП1 бр.09070-115 од 20.02.2024 година, Репение за користење на денови од годишен одмор за 2023 година, Правилник за работни односи на вработените во МАНУ бр.02-494/1 од 19.02.2026 година;
- Информација Претставка против инспектор од Област 1 – пазар, работни односи и безбедност и здравје при работа, УПП 16-97 од 13.06.2024 година;
- Извадок од Нацрт- записникот од 362-та редовна седница на Инспекцискиот совет одржана на 13.06.2024 година, УПП16-97/2024 од 13.06.2024 година;
- Одговор на претставка, УПП 16-97/2024 од 27.03.2024 година;
- Дел од Записник 362-та редовна седница на Инспекциски совет.

Во однос на **Точка 2) Замолувам за информација дали и кои постапки се водат и се воделе во врска со инспекциски надзори (постапки) спроведени во МАНУ, без разлика на тоа кој е иницијатор за постапките**, по извршениот преглед во Регистарот за претставки и предлози за 2024 и 2025 година на Инспекцискиот совет, Ве известуваме дека во 2024 и 2025 година се воделе следните постапки во врска со инспекциски надзори во МАНУ:

УПП16 – 71 од 06.03.2024 година
- Подносител: Сашка Мамучевска, предмет на надзор: МАНУ, од аспект на надлежно постапување на повеќе институции согласно своите законски надлежности.

УПП16- 90 од 20.03.2024 година
- Подносител: МАНУ, предмет на надзор: Државниот управен инспектор Елена Кареска, кој постапувал по предметот ИП 1 бр.11-155 од 24.01.2024 година.

УПП16-97 од 25.03.2024 година
- Подносител: МАНУ, предмет на надзор: Државниот инспектор за труд Неврие Хоти, кој постапувал по предметот 0907-79 од 11.01.2024 година.

УПП16-164 од 28.05.2024 година
- Подносител: МАНУ, предмет на надзор: Решение УП1 бр. 08-99 на Агенција за заштита на лични податоци.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Сара Николовска

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса);
- во архивата на Инспекцискиот совет, во оригинал

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор